Мнозинство од граѓанските организации од Македонија (63%) **се запознаени со процесот на спроведување на Целите за одржлив развој (ЦОР) на Обединетите нации** , покажа истражувањето што го направи Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). Информациите за ЦОР, најголем дел од организациите (65%) ги добиле благодарение на кампањите од меѓународните организации како УНДП, УНИЦЕФ, УНЕСКО и сл. Сепак, тие посочуваат дека во Македонија недостасуваат активности за нивна промоција и и приближување до граѓаните. Организациите придонесуваат кон процесот на реализација на Целите преку едукација и информирање (28%), подигање на свеста (22%), а само 13% од нив реализираат активности за јакнење на капацитетите на ГО. Предизвик е и ниската информираност на ГО (37%) за процесите на спроведување на ЦОР, како и тоа дека 60% од ГО изјавиле дека немале можност за интеракција.




Целите за одржлив развој како дел од агендата за одржлив развој 2030 беа усвоени на

70-то Генерално собрание на Обединетите нации (ОН) од страна на сите земји членки. Агендата нуди универзална рамка од 17 цели и конкретни мерки за борба против сиромаштијата, нееднаквоста и климатските промени на светско ниво. Македонија првичните чекори за интеграција на Целите ги презема во 2016 г. потпишувајќи го Партнерството за одржлив развој за 2016-2020 со Постојаниот координатор на ОН во земјата. Документот предвидува соработка со агенциите на ОН и во земјата во пет приоритетни области за соработка: вработување, добро владеење, социјална инклузија, еколошка оддржливост и родова еднаквост.

Целите се инклузивни и засновани на стандардите за човекови права. Токму затоа, нагласена е потребата од вклученост на граѓанските организации во артикулирањето на потребите на граѓаните, особено најранливите, преку застапување и обезбедување на услуги, и промоција на практиките за добро владеење. За ефективно преземање на оваа улога неопходно е граѓанските организации да работат на подобрување на околината во која делуваат, во која нивните слободи се почитувани и обезбедени, имаат финансиска стабилност и одржливост, дијалог и партнерски однос со државата.

Во Македонија, периодот на локализација на овие цели беше придружен со длабока политичка криза, отсуство на дијалог и недоверба меѓу институциите и граѓанскиот сектор, па така и информирањето и вклученоста беа на ниско ниво. Иако клучните институции во Македонија се во тек со Агендата за глобален развој 2030, сепак тоа што е забележително е дека нема координација и усогласеност меѓу нив, а недостасуваат и широки консултации и соработка со граѓанските организации за идентификување на предизвиците, прибирање податоци за состојбите на терен и следење на постигнувањата.

Резултатите од истражувањето се дел од Извештајот за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество во Македонија за 2017 г., која МЦМС го подготвува веќе петта година по ред. Проектот е финансиран од ЦПДЕ (CSO Partnership for Development Effectiveness).


ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО
ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА
ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ
ДАЛИ ГО СЕ ЗАПОЗНАЕНИ
СО ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ
НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ?
37%
63%
ДА
НЕ
ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (ГО)
ДОЗНАЛЕ ЗА ЦЕЛИТЕ
ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ОД:
43%
ИНТЕРНЕТ И СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ
5%
ДРЖАВНА ИНСТИТУЦИЈА
65%
МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА
2%
ПРИВАТЕН СЕКТОР
13%
АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА
ДАЛИ ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ
СЕ КОРИСНИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ
НА НАЦИОНАЛНО НИВО?
92%
5%
3%
КАКВА Е ИНТЕРАКЦИЈАТА НА ГО
СО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ
ОКОЛУ ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ?
НЕ ИНФОРМИРАА ЗА ПРОЦЕСИТЕ И ПРИОРИТЕТНИТЕ ЦЕЛИ
20%
НЕ ИНФОРМИРАА И КОНСУЛТИРАА
3%
СПРОВЕДОВМЕ ПРОЕКТИ/АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЦОР
17%